# **МИРОСЛАВ ДРАГАНОВ – кратко био**

**Мирослав Драганов** завршил средно правно образование во С.Е.П.У.Г.С. Васил Антевски – Дрен во Скопје како првенец на генерација. Дипломирал право на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на Правниот Факултет „Јустинијан Први“. Магистрирал уставно право на истиот факултет, а положил правосуден испит во 2013 година. Од 2004 година се занимава со ораторство при што освоил повеќе награди во Р.М. и победил на натпревар од меѓународен карактер, а бил и претседател на Клубот на оратори. Има работно искуство и како демонстратор на правен факултет (социологија на правото), соработник за инвестициски фондови, приправник и стручен соработник во адвокатско друштво (судско право, административно право и длабински анализи), правник во банка (правни мислења, судски постапки, постапки пред нотар, извршител и Агенција за катастар на недвижности). Полиња на интерес за истражување му се: судство, слобода на изразување и пристап до информации, недискриминација, како и локална самоуправа. Од 2014 година е дел од Институтот за човекови права (ИЧП) најпрво како правен истражувач, а на 9$^{ти}$ Мај 2016 година е избран за прв Извршен Директор на ИЧП.